*Информативен лист за заразни болести*

**_Глобално, ротавирусот е најчестиот предизвикувач на сериозен гастроентеритис во раното детство од кој заболуваат скоро сите деца помлади од пет години. За малите деца сега постои вакцина._**

# Ротавирусна болест

## Што е ротавирусна болест?

Глобално, ротавирусот е најчестиот предизвикувач на сериозен гастроентеритис во раното детство. Скоро сите деца заболуваат пред да наполнат пет години. Во земјите во развој, секоја година ротавирусот предизвикува околу половина милион смртни случаи. Во развиените земји како што е Австралија, ротавирусот ретко предизвикува смрт, меѓутоа хоспитализирањето е често, посебно на деца помлади од 2 години.

## Кои се симптомите?

Симптомите вклучуваат:

- пролив
- повраќање
- треска

Во некои случаи може да дојде до сериозна дехидрација и (ретко) смрт. Некои бебиња (посебно кај оние помлади од 3 месеци) со ротавирусна болест може да не покажуваат никакви симптоми. Симптомите обично се јавуваат меѓу 1 и 3 дена (често 2 дена) откако лицето било изложено на вирусот.

Најголем број на здрави луѓе заразени со ротавирусот се болни од 4 до 6 дена и тие потполно заздравуваат. Ротавирусната болест почесто се јавува во зима.

## Како се пренесува болеста?

Ротавирусната болест е многу заразна и таа се пренесува преку повратен материјал или измет од заразеното лице со:

- личен контакт, на пример, допирање на лице кое било болно и го носи вирусот на рацете
- заразени предмети
- заразена храна или пијалок

Вирусот исто така може да се пренесе со кашлање или кивање.

## Кој е изложен на опасност?

- Малите деца кои не стекнале отпорност на ротавирусот (преку претходна инфекција или со вакцинирање) се изложени на поголема опасност од болеста, иако понекогаш од болеста исто така може да се заразат и стари лица
- Повеќето деца стануваат отпорни на болеста до возраст од три години
- Отпорноста на ротавирусната болест е делумна. При подоцнежно заболување од болеста, таа обично е поблага отколку при првото заболување
- Ротавирусот почесто се јавува во некои заедници кои се наоѓаат во зафрлените подрачја.

## Како се спречува болеста?

Се препорачува вакцинирање, кое е бесплатно, за деца помлади од 6 месеци. Во Нов Јужен Велс, вакцината се дава во две дози, на возраст од два и четири месеци, а вакцинирањето треба да се комплетира до возраст од 24 недели.

Ротавирусната болест може да се спречи со темелно миење на рацете во траење од 10 секунди со сапун и вода и бришење со чиста крпа:

- после одење во клозет
- пред приготвување или допирање на храна
- пред јадење
- после негување на лице заболено од ротавирусна болест (посебно после менување на пелени или извалкана постелнина)

- Никогаш не менувајте пелени на површини каде што се приготвува или јаде храна
- Површините, предметите (вклучувајќи играчки) и облеката кои биле изложени на повратен материјал или измет мора целосно да се исчистат/исперат со жешка вода и детергент. Откако ќе ги исчистете предметите, оставете ги да се исушат
- Деца кои имаат пролив не треба да го посетуваат центарот за дневен престој на деца 24 часа откако ќе исчезнат симптомите
- Секој што има пролив не треба да плива, да газе или да шлапка во базени за пливање најмалку 2 недели откако тој/таа потполно ќе заздрави

## Како се поставува дијагноза?

Болеста обично се дијагностицира врз основа на симптомите и дијагнозата може да се потврди со лабораториска проверка на измет земен од детето.

## Како се лекува болеста?

Лекувањето се состои од орална рехидрација (т.е. пиење големи количини на бистри течности) за да се спречи дехидрација. Избегнувајте

неразводнети овошни сокови и газирани пијалоци затоа што тие може да ја зголемат дехидрацијата и проливот. Во аптека може да се купат пијалоци за надоместување на изгубени течности.

Не треба да се даваат лекарства против повраќање и пролив, посебно на деца, освен ако тоа го препише докторот.

Некои деца можеби ќе треба да одат во болница каде што ќе треба да примаат течности интравенозно.

## Како реагира здравството?

Избивањето на епидемии на вирусен гастроентеритис се зголемува во зима и тие се чести во центрите за дневен престој на деца. Докторите и болниците се обврзани да ја известат локалната државна служба за здравство секогаш кога ќе се појават најмалку два случаи на гастроентеритис кои се поврзани еден со друг.

Државните служби за здравство може:

- да ве советуваат како да ја најдете причината за избивањето на епидемијата
- да ве советуваат како да ја контролирате епидемијата
- да ви помогнат да го испитате избивањето на епидемијата за да го утврдите изворот и начинот на пренесување
- да ве советуваат како да ги исклучите заразените лица од центрите за дневен престој на деца

## Сродни информации

- Контролирање на епидемии<br>(Controlling Outbreaks)<br>http://www0.health.nsw.gov.au/factsheets/infectious/rotavirus.html
- Информативен лист за гастроентеритис кај децата – Детска болница – Westmead<br>(Gastroenteritis in Children Factsheet - Children's Hospital Westmead)<br>http://www.chw.edu.au/
- Информативен лист за гастроентеритис кај децата – Детска болница – Сиднеј<br>(Gastroenteritis in Children Factsheet - Sydney Children's Hospital)<br>http://www.sch.edu.au/
- Стратегија на NSW Health за контролирање на болести<br>(NSW Health's Infection Control Policy PD2007_036)<br>http://www.health.nsw.gov.au/policies/pd/2007/pdf/PD2007_036.pdf

## Понатамошни информации – Државни служби за здравство во Нов Јужен Велс

**1300 066 055**

www.health.nsw.gov.au